ТТК БАНКА АД
СКОПЈЕ Бр.1

| Примено: 10-08-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 6243/1 | | |

**ТТК Банка АД Скопје**
**ул. „Народен фронт“ бр. 19А**

**За XXXVIII седница на Собрание на акционери**

**1000 Скопје**

**Предмет**: Достава на Предлог по предложена точка од дневен ред на Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Во согласност со член 390 од Законот за трговски друштва, а врз основа на јавен повик за свикување на Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје објавен на ден 5.8.2022 година акционерите: Хотелско-угостителско акционерско друштво Македонијатурист Скопје со седиште на ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 5, Друштво за финансиски консалтинг СЕЗАМ КАПИТАЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Булевар „Јане Сандански“ бр. 39-2/1, Доне Таневски од Скопје со адреса на живеење на ул „Пиринска“ бр. 45-2/9 и Тито Беличанец од Скопје со адреса на живеење на ул. „Мито Хаџивасилев – Јасмин“ бр. 48-5/6, кои вкупно поседуваат над 5 % од вкупниот број на акции со право на глас на ТТК Банка АД Скопје доставуваат предлог по однос на точката 4. од предложениот дневен ред „Предлог – одлука за именување членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје“.

Со доставениот Предлог, наведените акционери како член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години го предлагаат Златко Черепналкоски.

Предложениот кандидат е долгогодишен член на Надзорниот одбор на Банката и поседува соодветно знаење и искуство да ги извршува работите од надлежност на Надзорниот одбор и со своето понатамошно членство ќе придонесе Надзорниот одбор на Банката доследно да ги извршува своите работи предвидени со законските и подзаконските акти.

Во прилог на овој предлог, а во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговски друштва, се доставуваат и податоците за предложениот кандидат, кои треба да бидат достапни до акционерите.

Воедно, во прилог доставуваме:

- Извод во оригинал од Централен депозитар за хартии од вредност за акционерите предлагачи, не постар од три дена,
- Тековна состојба во оригинал од Централен регистар за акционерите предлагачи правни лица, не постара од седум дена,
- Фотокопија од лична карта на акционерите предлагачи физички лица,
- Фотокопија од лична карта на законските застапници на акционерите предлагачи правни лица.

Хотелско-угостителско акционерско друштво
Македонијатурист Скопје

---------------------------------------------------

Друштво за финансиски консалтинг
СЕЗАМ КАПИТАЛ ДООЕЛ Скопје

---------------------------------------------------

Доне Таневски

---------------------------------------------------

Тито Беличанец

---------------------------------------------------

| ***ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ<br>ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ*** | |
|---|---|
| Име и презиме | Златко Черепналкоски |
| Возраст (датум на раѓање) | 7.10.1967 година |
| Пол | Машки |
| Образование | Дипломиран електро инженер |
| Функција (работно место) која во моментот ја извршува | Директор за продажба и маркетинг во Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје, Снабдување со електрична енергија |
| Професионални и други квалификации | Електроенергетичар, инвестиционо банкарство, инвестиции во енергетиката |
| Работно искуство и како е стекнато | Оперативен водител на електро-енергетскиот систем во АД Електростопанство на Македонија (1994-1999)<br><br>Координатор на развојни и инвестициони проекти во АД Електростопанство на Македонија (1999-2003)<br><br>Инвестиционо банкарство – финансирање на електро-енергетски и инфраструктурни проекти во Meinl Capital Advisors AG Vienna (2003-2013)<br><br>Од 2014 година - Директор за продажба и маркетинг во Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје, Снабдување со електрична енергија |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Член е на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје |
| Други поважни функции што ги вршел | Директор за ЈИЕ во Meinl Capital Adsvisors AG<br><br>Резидентен тим-лидер на Meinl Bank Consortium во процесот на реструктуирање и приватизација на АД ЕСМ<br><br>Координатор за реструктуирање и приватизација на АД Електростопанство на Македонија |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Нема |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | Нема |